ПП бр: 13 - 24 / 1

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок бр. ПП 13-104/5 од 24.10.2025 година против Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, претставувано од управителот Исамет Имери, на седница одржана на ден 15.01.2026 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива доо експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, претставувано од управителот Исамет Имери, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) и точка 3) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), а во врска со член 7 ставови (3), (4) и (5) и член 8 став 1 точка 20) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 20.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно член 26 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), на одговорното лице (управител) во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива доо експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, претставувано од управителот Исамет Имери со живеалиште на Долно Свиларе Сарај, Република Северна Македонија, му се изрекува глоба во износ од 500,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

**На 23.09.2025 година**, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:„КОП"), врз основа на член 19 став (1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.03.2024 година"), (во понатамошниот текст:„Законот"), беше донесен Заклучок ПП бр. 13-104/1 од 23.09.2025 година, за прибавување на докази на лице место во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, (во понатамошниот текст: (Еуро Актива), поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или имаат сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

За време на вршењето на дејствијата во Еуро Актива, предвидени со Член 19 од Законот, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: „Комисијата"), се претставија и легитимираа пред присутните претставници на Еуро Актива и предадоа една копија од Заклучокот за прибавување податоци на лице место.

На прашање дали се запознаени со Законот за нефер трговски практики, овластените лица на претпријатието одговорија дека се запознаени.

На прашање дали во малопродажните објекти (бензиски пумпи) се продаваат производи, кои се опфатени со Законот (т.е. земјоделски и прехранбени производи) претставниците на Еуро Актива одговорија дека во своите објекти (бензиската пумпа) имаат и се продаваат производи кои се опфатени со Законот.

На прашањето дали договорите се потпишуваат согласно предвидените законски одредби и рокови, претставниците на Еуро Актива одговорија дека договорите се потпишуваат согласно Законот.

На прашањето дали добавувачите ги делат по категории согласно одредени критериуми, претставникот Алајдин Амети одговори дека не ги делат и се води една листа на добавувачи за Еуро Актива и сите подружници на друштвото.

На прашање дали за плаќање на фактурите, Еуро Актива има воспоставен систем за затварање на конкретни фактури по доспеаност (затварање на ставки) имајќи ги во предвид законските одредби кои се однесуваат на роковите за плаќање на обрските спрема добавувачите присутните претставници одговорија дека имаат автоматизиран систем кој што ја следи нивната доспеаност.

Од страна на овластените лица од Комисијата побарана беше листа на добавувачи на производи кои се опфатени со Законот. Од страна на Еуро Актива беше доставена целосна листа на добавувачи на Еуро Актива, при што беа посочени добавувачите на производи опфатени со Законот.

Од страна на Комисијата беа побарани договори кои биле со важност на 01.10.2024 година и биле склучени со добавувачите на Еуро Актива. Договорите беа побарани врз основ на

доставената листа на добавувачи со кои Еуро Актива има тековна соработка во моментот на вршење на активностите предвидени со заклучокот ПП 13-104/1, и тоа:
- Договор помеѓу Еуро Актива и Океан - Ком Трејд
- Договор помеѓу Еуро Актива и АГ Сембол ДОО
- Договор помеѓу Еуро Актива и Бе уникуе ДООЕЛ
- Договор помеѓу Еуро Актива и Нехо исни ДООЕЛ
- Договор помеѓу Еуро Актива и Фрукт Импорт ДООЕЛ

Доколку постоеле договори склучени по тој датум, Комисијата побара да бидат доставени и тие договори.

До Комисијата на лице место беа доставени договори за добавувачите (Океан - Ком Трејд доо Скопје од 13.02.2020 година и договор за период 01.01.2023-31.12.2024 година, заверен на 27.02.2023 година, а за добавувачот Фрукт Импорт ДООЕЛ договор заверен на 23.04.2020 година.

За добавувачите АГ Сембол ДОО, Бе Уникуе ДООЕЛ и Нехо Исни ДООЕЛ, Комисијата беше информирана дека договорите со истите ќе бидат доставени до Комисијата до 02.10.2025 година по писмен пат.

Соработката помеѓу Еуро Актива и Нехо Исни ДООЕЛ е започната подоцна од наведениот период (01.10.2024 година - 30.10.2024 година) и заради тоа не можеле да бидат доставени фактури и докази за плаќање за овој период.

За побараните аналитички конто картици за фактури по датум на книжење за добавувачот Океан-Ком Трејд ДОО Скопје беше кажано дека ќе бидат доставени до Комисијата до 02.10.2025 година по писмен пат.

Исто така беа побарани аналитички конто картици за фактури по датум на книжење од наведените добавувачи како и доказ за плаќање на истите (документ на затворени ставки за период 01.10.2024-30.10.2024 година).

Од страна на Еуро Актива беа доставени побараните аналитички конто картици за фактури од датум на книжење за периодот 01.10.2024-30.10.2024 година, а по однос на побараните докази за плаќање на фактурите во овој период беа доставени дополнителни аналитички конто картици за фактури по датум на книжење кои содржат збирни износи на плаќање како и информација за затворена фактура во рамките на збирниот износ.

За извршените разговори и побараните податоци од Еуро Актива, овластените лица од Комисијата водеа записник ПП.13-104/2 од 23.09.2025 година, а за прибавената документација на лице место беше составена Потврда за одземена документација ПП 13-104/3 од 23.09.2025 година.

**На 02.10.2025 година**, заведени под ПП бр. 13-101/4, Еуро Актива достави до КОП податоци кои беа побарани при вршењето на увидот на лице место, и тоа:

- Договор за деловна соработка со Бе Уникуе ДООЕЛ склучен на 02.02.2024 година со деловоден бр. 0307/42а од 02.02.2024 година;
- Договор за деловна соработка со Бе Уникуе ДООЕЛ склучен на 01.02.2025 година со деловоден број 0307/43-25 од 01.02.2025 година;
- Договор за деловна соработка со Фрукт Импорт ДООЕЛ склучен на 01.01.2025 година;

*Напомена: доставениот договор за деловна соработка е нецелосен, односно не е доставен делот од договорот (страна 4 од 6), недостасуваат Член 8, 9, 10, 11, 12 и 13.*

- Договор за деловна соработка со АГ Сембол ДОО, склучен на 09.01.2025 година со деловоден бр 0307/08а од 09.01.2025 година, склучен на неопределено време;

- Анекс кон Договор за деловна соработка со Нехо Исни ДООЕЛ склучен на 02.01.2025 година со деловоден бр. 0307/03 од 08.01.2025 година;
- Аналитичка конто картица со комитентите: АГ Сембол ДОО, Фрукт Импорт, Бе Уникуе ДООЕЛ, Нехо Исни ДООЕЛ и Океан-Ком Трејд за период 01.10-31.12.2024 година и
- Изводи од банка бр. 192, 200,203, 236, 237, 243, 244, 246 и 248, сите од Халкбанк АД Скопје.

**Согласно анализа на прибавените податоци на лице место во Еуро Актива како и дополнително доставените податоци од страна на Еуро Актива заведени под ПП бр. 13-101/4 на 02.10.2025 година, КОП утврди дека во дел од прибавените/доставени Договори и тоа:**

- Договорот за соработка склучен со Океан-Ком Трејд за период 01.01.2023-31.12.2024 година, заверен од Еуро Актива на 27.02.2023 година;
- Договорот за деловна соработка со Фрукт Импорт заверен од двете договорни страни во 2020 година и со важност до 31.12.2024 година по чие изминување се продолжува на неопределено време;
- Договорот за деловна соработка со Фрукт импорт склучен на 01.01.2025 година, заверен од страна на Еуро Актива на 02.01.2025 година, а од Фрукт Импорт на 10.01.2025 година;
- Договорот за деловна соработка со АГ Сембол доо, склучен на 09.01.2025 година;
- Договорот за деловна соработка со Бе уникуе ДООЕЛ склучен на ден 02.02.2024 година;
- Договорот за деловна соработка со Бе Уникуе ДООЕЛ склучен на ден 01.02.2025 година и
- Анексот кон договор за деловна соработка со Нехо Исни ДООЕЛ склучен на 02.01.2025 година, постојат елементи кои не се во согласност со законски пропишаните форма и содржина на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи дефинирани во Член 7 од Законот.

Согласно член 34 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на РСМ“, бр. 66 од 20.3.2024 година), добавувачите и купувачите кои склучиле договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Немањето на договори кои се во согласност со Законските одредби дефинирани во Член 7 од Законот претставува евентуален прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) и/или точка 2) од Законот.

**Согласно анализа на доставените аналитички конто картици од страна на Еуро Актива заведени под ПП.бр.13-101/4 на 02.10.2025 година, КОП утврди дека:**

Кон добавувачите АГ Сембол ДОО и Фрукт Импорт, се евидентирани ставки со опис - поврат кон добавувач, што укажува на евентуален поврат на производи кои претходно биле испорачани на Еуро Актива.

Видно од прибавената аналитичка конто картица за Фрукт Импорт се евидентирани две ставки - поврат кон добавувач (на 12.11.2024 година на износ од 894,00 денари и на 24.12.2024 година на износ од 2.198,00 денари).

Видно од прибавената аналитичка конто картица за Сембол ДОО се евидентирани две ставки - повраt кон добавувач (на 21.10.2024 година на износ од 78,00 денари и на 17.12.2024 година на износ од 179,00 денари).
Согласно член 8 став (1) точка 20) од Законот, за нефер трговска практика се смета кога купувачот ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски и прехранбени производи кои се испорачани без да ги плати или без да плати за отстранување на тие производи.
Истото претставува евентуален прекршок согласно член 26 став (1) точка 3) од Законот.
Врз основа на изнесеното, КОП утврди дека постојат доволни основи за сомневање за евентуално сторен прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) и /или точка 2), а во врска со член 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот, како и евентуално сторен прекршок согласно член 26 став (1) точка 3), а во врска со член 8, став (1), точка 20 од Законот и затоа на седницата на КОП одржана **на 24.10.2025** година беше донесен заклучок за поведување прекршочна постапка со ПП бр.13-104/5.
**На 07.11.2025** година од страна на Еуроактива до КОП беа доставени:
- договор за деловна соработка склучен на ден 28.09.2024 година помеѓу Фрукт Импорт и Еуроактива, заверен 28.09.2024 година од страна на двете друштва со деловодни броеви 03-139/2 од страна на Фрукт Импорт, односно 0307 од страна на Еуроактива.
- договор за деловна соработка склучен на 31.12.2024 година помеѓу Нехо Исни ДООЕЛ и Еуроактива, заверен од страна на Нехо Исни ДООЕЛ со бр 0307/25/1 од 31.12.2024 година.
- анекс кон договор за деловна соработка бр 0307-25/1 помеѓу Нехо Исни ДООЕЛ и Еуроактива, склучен на 02.01.2025 година, со деловоден број 0307-25/2 од 02.01.2025 година.
- Финансиско одобрение 1-55/17627 на износ од 2.198,00 ден и 1-55/17412 на износ од 268,00 денари од Фрукт Импорт према Еуроактива.
- повратница бр 24-Н11-03-000276 од 24.12.2024 година на износ од 2.198,40 денари и повратница бр. 24-Н11-03-000259 од 12.11.2024 година на износ од 894,00 денари;
- одобрение бр 1-33/1779 од 17.12.2024 година на износ од 179,00 ден од АГ Сембол кон Еуроактива;
- повратница бр 24-Н11-03-000271 од 17.12.2024 година од АГ Сембол кон Еуроактива
- одобрение бр 1-33/1388 од 21.10.2024 година на износ од 78,00 ден од АГ Сембол кон Еуроактива;
- повратница бр 24-Н11-03-000242 од 21.10.20 24 година од АГ Сембол кон Еуроактива.
**На 05.01.2026 година**, согласно анализа на дотогаш прибавените информации/податоци, на седница на КОП беше донесено - Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-9/1 од 05.01.2026 година. Известувањето за утврдена фактичка состојба беше доставено до Еуроактива со Допис ПП 13-9/2 од 05.01.2026 година.
**Имајќи ги во предвид сите прибавени податоци и информации во текот на постапката, КОП утврди дека Еуроактива не постапува согласно задолжителните одредби од Законот, а ваквото однесување на Еуроактива претставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) и точка 3) од Законот, а во врска со член 7 став (3), (4) и (5) од Законот, како и согласно член 26 став (1) точка 3), а во врска со член 8, став (1), точка 20 од Законот.**
Во врска со погоре наведеното, КОП утврди дека:
- Еуроактива во улога на купувач, имал деловна соработка со добавувачот ОКЕАН-КОМ ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ во текот на 2025 година без склучен договор во писмена форма кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос

меѓу договорните страни. КОП го утврди прекршувањето на задолжителните одредби од Законот со увид во Договорот за соработка помеѓу ОКЕАН-КОМ ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ и ЕУРО АКТИВА склучен на 13.02.2023 година, а заверен на 27.02.2023 година. Како што е наведено во член 7 од договорот, важноста на истиот е заклучно со 31.12.2024 година. Согласно член 7 став (1) од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

- Еуроактива во улога на купувач, имал деловна соработка со добавувачот ФРУКТ ИМПОРТ ДООЕЛ, без склучен договор во писмена форма кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу договорните страни. КОП го утврди прекршувањето на задолжителните одредби од Законот со увид во Договорот за деловна соработка помеѓу ЕУРО АКТИВА и ФРУКТ ИМПОРТ ДООЕЛ склучен на ден 01.01.2025, заверен од страна на ФРУКТ ИМПОРТ ДООЕЛ на 10.01.2025 година со бр. 03-10 и заверен од страна на ЕУРО АКТИВА на 10.01.2025 со бр. 0307. Предметниот договор нема предвидено времетраење, што е спротивно на член 7 став (1), точка 6) и 7) од Законот.
- Еуроактива во улога на купувач, имал деловна соработка со добавувачот БЕ УНИКУЕ ДООЕЛ Скопје , без склучен договор во писмена форма кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу договорните страни. КОП го утврди прекршувањето на задолжителните одредби од Законот со увид во Договорот за деловна соработка помеѓу ЕУРО АКТИВА и БЕ УНИКУЕ ДООЕЛ Скопје склучен на 02.02.2024 година и заверен од страна на ЕУРО АКТИВА на 02.02.2024 година со деловоден бр. 0307/42а, како и со увид во Договорот за деловна соработка помеѓу ЕУРО АКТИВА и БЕ УНИКУЕ ДООЕЛ Скопје склучен на 01.02.2025 година и заверен од страна на ЕУРО АКТИВА на 01.02.2025 година со деловоден бр. 0307/43-25. Наведените договори не ги содржат сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни. Согласно член 7 став (1) од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.
- Еуроактива во улога на купувач, имал деловна соработка со добавувачот Аг-Сембол ДОО, Тетово , без склучен договор во писмена форма кој ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу договорните страни. КОП го утврди прекршувањето на задолжителните одредби од Законот со увид во Договорот за деловна соработка помеѓу ЕУРО АКТИВА и Аг-Сембол ДОО Тетово склучен на 09.01.2025 година и заверен од страна на ЕУРО АКТИВА на 09.01.2025 година со деловоден бр. 0307/08а. Наведениот договор, согласно член 13 од самиот договор е склучен на неопределено време. Согласно член 7, став (1), точка 6) и 7) од Законот, договорот мора да содржи одредба за времетраење на договорот и престанување и раскинување на договорот.

Согласно член 7 став (1) од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

Согласно член 7 став (2) од Законот, договорот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни.

Согласно член 7 став (3) од Законот, покрај условите од ставот (2) на истиот член, во договорот за снабдување од ставот (1) на истиот член, мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од овој закон.

Согласно член 7 став (4) од Законот, со општите деловни услови од ставот (3) на овој член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно член 7 став (5) од Законот, со општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

Постоењето на деловна соработка меѓу купувачот Еуроактива и горепоменатите добавувачи без постоење на договор во кој на јасен и недвосмислен начин се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни и кој по својата форма и содржина не одговара на одредбите предвидени со член 7 од Законот, преставува прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот, а во врска со член членот 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот.

Понатаму, КОП од анализата на прибавените податоци и тоа од повратниците и финансиските одобренија подолу наведени:

- Финансиско одобрение 1-55/17627 на износ од 2.198,00 ден и 1-55/17412 на износ од 268,00 денари од Фрукт импорт према Еуроактива;
- повратница бр.24-Н11-03-000276 од 24.12.2024 година на износ од 2.198,40 ден и повратница бр.24-Н11-03-000259 од 12.11.2024 година на износ од 894,00 денари;
- одобрение бр.1-33/1779 од 17.12.2024 година на износ од 179,00 ден од АГ Сембол кон Еуроактива;
- повратница бр. 24-Н11-03-000271 од 17.12.2024 година од АГ Сембол кон Еуроактива
- одобрение бр. 1-33/1388 од 21.10.2024 година на износ од 78,00 ден од АГ Сембол кон Еуроактива;
- повратница бр. 24-Н11-03-000242 од 21.10.20 24 година од АГ Сембол кон Еуроактива,

утврди дека Еуроактива во својство на купувач извршил поврат на производи на добавувачите на непродадените земјоделски и прехранбени производи кои биле испорачани од страна на АГ Сембол и Фрукт Импорт, без притоа да ги плати истите.

Согласно член 8 став 1 точка 20 од Законот за нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, за нефер трговска практика во односот меѓу купувачот и добавувачот се смета кога купувачот ги враќа на добавувачот непродадените зедмјоделски или прехранбени производи кои се испорачани без да плати или без да плати за отстранување на тие производи, без оглед на преговарачката моќ во членот 6 на овој закон.

Согласно член 26 став (1) точка 1) и точка 3) од Законот, КОП на правното лице ќе му изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од овој закон;

3) постапува спротивно на секоја забрана за нефер трговски практики од членот 8 став (1) од овој закон;

Согласно член 26 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на истиот член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

КОП утврди дека согласно член 26 став (1) точка 1) и точка 3) од Законот, на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, со жиро сметка 200001500300932 во Стопанска Банка АД Скопје, ќе му изрече глоба во износ од 20.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата, додека согласно член 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (управител), Исамет Имери со живеалиште на адреса 1 бр.41 Долно Свиларе, Сарај, Република Северна Македонија во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Еуроактива ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на Хасан Приштина бр. 114, Скопје, Република Северна Македонија со ЕМБС 4820843 и ЕДБ 4030994174941, ќе му изрече глоба во износ од 500,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**